Врз основа на член 34, член 35 и член 43 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник на Р. Македонија бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 148/15 и 64/18), а во врска со член 28, 29 и 30 од Правилникот за постапување со одземен имот (Службен весник на Република Македонија бр. 115/13 и 141/14), и согласно донесената Одлука за отпочнување на постапка за продажба на одземени подвижни предмети арх.бр. 02-397/3 од 27.01.2023 година донесена од страна на Управниот Одбор, Агенцијата за управување со одземен имот на 07.02.2023 година објавува:

**ОГЛАС БР. 1/2023**

За продажба на одземени подвижени предмети –моторни возила по пат на електронско јавно наддавање

**I ОПШТИ ОДРЕДБИ:**

1.Продавач на одземени подвижени предмети –моторни возила е Агенција за управување со одземен имот со седиште на ул. Кеј Димитар Влахов бр. 4, 1000 Скопје.

**II ПРЕДМЕТ НА ПРОДАЖБА:**

1.Предмет на продажба се одземени подвижени предмети–моторни возила со следниот опис, датум и време на спроведување на продажбата по пат на второ електронско јавно наддавање:

| Ред Бр. | Име и тип на возило | Локација | Сила на мотор kw | Зафатнина кубици | Година на производство | Почетна цена/денари | 10% депозит/денари | Датум и час на продажба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Моторцикал SUZUKI FL-125 | ПС ДЕБАР | | | 2011 | 23.025,00 | 2.303,00 | 20.02.2023год. од 10:00 до 10:15 час |
| 2. | Моторцикал HONDA CBR-600 | Депо Тетово на АУОИ | | | 2008 | 115.313,00 | 11.531,00 | 20.02.2023год. од 11:00 до 11:15 час |
| 3. | Моторцикал GILLERA RUNNER180 | Депо Идризово на АУОИ | | 1998 | 1999 | 20.700,00 | 2.070,00 | 20.02.2023год. од 12:00 до 12:15 час |
| 4. | Моторцикал KAWASAKI ZXR750 | Депо Гевгелија на АУОИ | 32.4 | | 1995 | 46.125,00 | 4.613,00 | 20.02.2023год. од 13:00 до 13:15 час |
| 5. | TMB VOLVO AX7 FH440 | Царински терминал Тетово | 324 | | 2007 | 373.613,00 | 37.361,00 | 20.02.2023год. од 14:00 до 14:15 час |
| 6. | ПОЛУПРИКОЛКА SCHMITZ | Царински терминал Тетово | | | 2005 | 97.125,00 | 9.713,00 | 21.02.2023год. од 09:00 до 09:15 час |
| 7. | ПМВ SKODA SUPERB | Депо Гевгелија на АУОИ | 77 | 1896 | 2009 | 141.300,00 | 14.130,00 | 21.02.2023год. од 10:00 до 10:15 час |
| 8. | TMB DAF FT 95 XF 430 | Депо Гевгелија на АУОИ | 315 | | 2004 | 290.588,00 | 29.059,00 | 21.02.2023год. од 11:00 до 11:15 час |
| 9. | TMB DAF AF95 XF | Депо Тетово на АУОИ | | | 2004 | 290.588,00 | 29.059,00 | 21.02.2023год. од 12:00 до 12:15 час |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | TMB DAF FTFH-XF105.410 | Депо Идризово на АУОИ | 300 | | 2007 | 318.263,00 | 31.826,00 | 21.02.2023год. од 13:00 до 13:15 час |
| 11. | ПМВ RENAULT MEGANE | ПС Струмица | | 1985 | 2005 | 116.927,00 | 11.693,00 | 21.02.2023год. од 14:00 до 14:15 час |
| 12. | TMB DAF TE95 XF | Депо Гевгелија на АУОИ | | | 1998 | 227.242,00 | 22.724,00 | 22.02.2023год. од 09:00 до 09:15 час |
| 13. | ПОЛУПРИКОЛКА KOEGEL | Депо Гевгелија на АУОИ | | | 1999 | 105.374,00 | 10.537,00 | 22.02.2023год. од 10:00 до 10:15 час |
| 14. | ПМВ AUDI A4 | Депо Гевгелија на АУОИ | 85 | 1896 | 2005 | 142.050,00 | 14.205,00 | 22.02.2023год. од 11:00 до 11:15 час |
| 15. | ПМВ MERCEDES BENZ E 320 CDI | Депо Гевгелија на АУОИ | 150 | | 2004 | 157.500,00 | 15.750,00 | 22.02.2023год. од 12:00 до 12:15 час |
| 16. | TMB FORD TRANZIT | Депо Миладиновци на АУОИ | 81 | 2198 | 2007 | 332.100,00 | 33.210,00 | 22.02.2023год. од 13:00 до 13:15 час |
| 17. | TMB SCANIA R124 | Депо Гевгелија на АУОИ | 309 | | 2004 | 332.340,00 | 33.234,00 | 22.02.2023год. од 14:00 до 14:15 час |
| 18. | ПОЛУПРИКОЛКА SCHMITZ | Депо Гевгелија на АУОИ | | | 1997 | 81.544,00 | 8.154,00 | 23.02.2023год. од 09:00 до 09:15 час |
| 19. | TMB MAN | Депо Тетово на АУОИ | 353 | 12.816 | 2004 | 277.200,00 | 27.720,00 | 23.02.2023год. од 10:00 до 10:15 час |
| 20. | ПМВ BMW X5 | Депо Идризово на АУОИ | 173 | 2993 | 2007 | 498.150,00 | 49.815,00 | 23.02.2023год. од 11:00 до 11:15 час |
| 21. | МОТОРЦИКЛ APRILIA | Депо Гевгелија на АУОИ | | 999 | 2012 | 295.200,00 | 29.520,00 | 23.02.2023год. од 12:00 до 12:15 час |
| 22. | ПМВ HAMMER | Депо Идризово на АУОИ | 180 | 3663 | 2007 | 645.750,00 | 64.575,00 | 23.02.2023год. од 13:00 до 13:15 час |

## III ПОЧЕТНА ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ:

1. Почетната цена за продажба на моторните возила по пат на електронско јавно наддавање е содржана во горната табела согласно следните проценки: CB/EL V 10/22-12 од 15.07.2022 год., CB/EL V 10/22-8 од 14.07.2022 год., CB/EL V 10/22-7 од 14.07.2022 год., CB/EL V10/22-15од 03.08.2022 год., CB/EL V10/22-4 од 26.07.2022 год., CB/EL V10/22-26 од 03.08.2022 год., CB/EL V 10/22-30 од 12.11.2022 год. , изготвени од страна на Министерство за правда-Биро за судски вештачења, намалени за 1/4 од проценетата вредност и истите се без пресметан ДДВ..
2. **Депозитот** за учество на електронското јавно наддавање изнесува **10 %,** кој се уплаќа на образец ПП50 :буџетска сметка 100000000063095 при НБРМ подсметка (сметка буџетски корисник) 040136140969619, приходна шифра 722115, програма 20 (со назнака во цел на дознака: по Оглас бр.1/2023 и се наведува редниот број на предметното возило од табелата).
3. **Начин на плаќање:** Купувачот е должен по завршувањето на електронското јавно наддавање, постигнатата цена да ја уплати веднаш,а правните лица (фирми) доколку се купувачи на определена ствар им се пресметува дополнително ДДВ на вкупната цена на која го купиле предметот додека за моторните возила содржани во табелата под реден број: **1,2,3,4,5,6,7,8,9,10 и 11 потребно е и да се спроведе царинска постапка заради наплата на царински давачки.** Возилото се презема веднаш по заклучувањето на јавното електронско наддавање и уплатата на постигнатата цена.
4. **Сите трошоци** во врска со преземањето на возилото од плацевите наведени во табелата, паѓаат на товар на купувачот.

## IV ПРАВО НА УЧЕСТВО:

1. Право на учество на јавното електронско наддавање имаат сите заинтересирани физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на подвижните ствари на територија на Р.С. Македонија согласно закон и кои ги исполнуваат условите дадени во Огласот број 1/2023 , освен осуденото лице или лицето против кое се водела кривичната или прекршочната постапка, вработените во Агенцијата за управување со одземен имот, како и друго лице кое службено учествувало во постапката за продажба.
2. Заинтересираните правни лица доставуваат и образец тековна состојба од Централниот регистар но не постара од шест месеци и уплатница за платен депозит од 10% од почетната цена. Физичките лица доставуваат уплатница за платен депозит од 10% од почетната цена.

Потребната документација со пријавата за учество на електронското јавно наддавање се поднесува преку Архивата на Агенцијата за управување со одземен имот, за што потребна е **претходна електронска регистрација на следниот линк: http://www.odzemenimot.gov.mk/oglasi.aspx, како и задолжително електронско пријавување за предметот под реден број за кој ќе се врши наддавањето.** (Пријавата може да се подигне во Агенцијата или истата да се симне од интернет страницата www.odzemenimot.gov.mk).

## V. Документација која учесниците на електронското јавно наддавање се должни да ја достават за учество на огласот (оригинал или препис заверен на Нотар):

За учество на пријавените лица во јавното наддавање потребна е задолжителна претходна електронска регистрација на следниот линк: http://www.odzemenimot.gov.mk/oglasi.aspx, како и задолжително електронско пријавување за предметот за кој ќе се врши наддавањето.
Пријавата за учество со потребната документација во хартиена форма се поднесува преку Архивата на Агенцијата за управување со одземен имот во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на пријавениот кандидат со целосна и точна адреса. Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој е адресиран со точна адреса на договорниот орган, го содржи бројот на огласот, во горниот лев агол стои назнака „не отворај" , да не се отвара пред времето и датумот за отворањето.
Потребна документација со пријавата која учесниците се должни да ја поднесат е следнава:
V.1 Доказ за платен депозит (оригинал или заверен на нотар)
V.2 Доказ за идентитет – копија од лична карта или патна исправа за физички лица
V.3 Доказ од Централен регистар за правни лица- тековна состојба не постара од 6 месеци (оригинал или заверен на нотар).

## VI. Рок за доставување на документацијата:

Рок за поднесување на пријавите за учество на електронското јавното наддавање е од 07.02.2023 година до 13.02.2023 година, заклучно до 15:30 часот.

## VII. ОПШТИ УСЛОВИ

**1**.Моторните возила кои се предмет на продажба и се сместени на локација во Магацин Идризово на Агенција за управување со одземен имот и истите се наведени во табелата на објавата. Разгледувањето на истите ќе се врши на ден 08.02.2023 година од 10:00 до 12:00 часот, моторните возила кои се предмет на продажба и се сместени на локација во магацин Тетово на Агенција за управување со одземен имот, Царински терминал Тетово и истите се наведени во табелата на објавата. Разгледувањето на истите ќе се врши на ден 09.02.2023 година од 10:00 до 13:00 часот, моторните возила кои се предмет на продажба и се сместени на локација во магацин Гевгелија на Агенција за управување со одземен имот, ПС Струмица и истите се наведени во табелата на објавата. Разгледувањето на истите ќе се врши на ден 10.02.2023 година од 10:00 до 15:00 часот, моторните возила кои се предмет на продажба се сместени на локација во ПС Дебар и истите се наведени во табелата на објавата. Разгледувањето на истите ќе се врши на ден 13.02.2023 година од 10:00 до 11:00 часот.

**2**.Продажбата ќе се врши по пат на електронско јавно наддавање преку системот за електронско јавно наддавање на Агенцијата за управување со одземен имот, www.odzemenimot.gov.mk по принципот видено-понудено-купено.

**3.** Понудувачите заинтересирани за купување на предметните возила може да учествуваат на електронското јавно наддавање само доколку: достават пријава со потребната документација, имаат електронска регистрација и електронско пријавување за предметот под реден број за кој ќе се врши наддавањето и уплатат депозит на Образец ПП50 за учество во висина од 10% од утврдената почетната цена на буџетска сметка 100000000063095 при НБРМ, подсметка (сметка на буџетски корисник) 040136140969619, приходна шифра 722115, програма 20 (со назнака во цел на дознака: по Оглас бр.1/2023 и се наведува редниот број на предметното возило од табелата).

**4.** По завршувањето на електронското јавно наддавање записникот за спроведеното јавно наддавање се доставува до сите учесници кои учествувале на електронското јавно надавање. Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката за јавното наддавање.

**5.** На понудувачите чија понуда не е прифатена, депозитот им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање;

**6.** За најповолен понудувач ќе се смета учесникот кој последен ја наддал почетната цена и која претставува највисока цена.

**7.** Јавното наддавање нема да се одржи доколку се јави само еден понудувач.

**8.** Условите за продажба и постапката за начинот на наддавањето можат да се видат на линкот http://www.odzemenimot.gov.mk/oglasi.aspx, во делот Упатство за лицитирање.

**9.**По завршување на електронското јавно наддавање, записникот за спроведеното јавно наддавање се доставува до сите учесници кои учествувале на електронското јавно наддавање.

**10.** Понудувачот кој ќе постигне највисока цена станува сопственик на моторното возило и е должен цената да ја уплати веднаш по заклучувањето на јавното наддавање намалена за положената гаранција: на буџетска сметка 100000000063095 при НБРМ подсметка (сметка буџетски корисник) 040136140969619, приходна шифра 722115, програма 20, правните лица се должни да уплатат дополнително ДДВ на постигнатата цена.

Доколку купувачот не ја уплати цената во рок од 15 дена од заклучувањето на јавното електронско наддавање ќе се смета дека купувачот се откажал од предметот на продажбата и уплатената гаранција ќе служи за покривање на трошоците на јавното наддавање.

**11.** Сите трошоци во врска со преземањето на возилата од плацовите на Агенцијата за управување со одземен имот, како и од останатите локации каде што истите се сместени паѓаат на товар на купувачот.

**12.** Информации во врска со продажбата, заинтересираните купувачи може да добијат на телефон (02) 3 254-380 или (02) 3209-087,

**13.** Овој оглас се објавува во дневните весници „Слободен печат„ и „Коха„ како и на интернет страницата на Агенцијата за управување со одземен имот.

**14.** Објавата на овој оглас трае 7 дена, почнувајќи од 07.02. 2023 година, заклучно со 13.02.2023 година до 15:30 часот.

Агенција за управување со одземен имот

Директор
Фатон Асани